Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 65 став 14 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 16.12.2020 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ

Член 1

Со овој правилник се врши категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Кочани.

Член 2

Објекти за спорт во сопственост на Општина Кочани се категоризираат согласно нивната функционалност, опременост, безбедност и содржини за спорт и спортко рекреативни активности и врз основа на следниве критериуми со кои се обезбедуваат услови: за остварување на локалниот интерес; за остварување на содржините на спортските активности; обезбедување на квалитет и можности за одржување на спортски натпревари од спортско рекреативни активности, досегашното управување и инвестирање во објект, остварените резултати во објектите и развиеност на спортот.

Член 3

Објектите за спорт во сопственост на Општина Кочани се категоризираат во три категории и тоа:

- I категорија објекти за спорт,
- II категорија објекти за спорт и
- III категорија објекти за спорт.

Член 4

Во I категорија објекти за спорт спаѓаат објекти кои ги исполнуваат условите за одржување на национален систем на натпревари на државните спортски федерации и за спортско рекреативни активности на граѓаните.

Во II категорија објекти за спорт спаѓаат објекти за спортско рекреативни активности на граѓаните.

Во III категорија објекти за спорт спаѓаат училишните спортски сали кои се дадени на управување на училиштата.

Спортските сали кои се во склоп на општинските основни и средни училишта, училиштата може да ги дават на користење на физички и правни лица само ако користењето, терминот на издавањето, не ги попречува функцијата, текот и квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Ценовник (тарифник) за користење на спортските сали кои се во склоп на општинските основни и средни училишта донесува Советот на Општина Кочани.

Член 5

Прегледот на објектите за спорт сопственост на Општина Кочани кои спаѓаат во I, II и III категорија објекти за спорт е составен дел на овој правилник.

Член 6

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Кочани“.

Бр.09-2648/1
16.12.2020
Кочани

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски

**ПРЕГЛЕД**
**НА ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ**

## I. Категорија објекти за спорт

| Спортски објект (име) и каде се наоѓа | Катастарска општина и Катастарска парцела |
|---|---|
| Фудбалски градски стадион Никола Мантов (72м x107м) | КО Кочани, КП15439 |

## II. Категорија објекти за спорт

| Спортски објект (име) и каде се наоѓа | Катастарска општина и Катастарска парцела |
|---|---|
| Спортска гимн. сала<br>(8,5x12,5 м)<br>ДТВ Партизан | КО Кочани<br>КП 11761 |
| Ракометно и кошаркарско игралиште<br>(20x40 м)<br>с. Тркање | КО Тркање<br>КП 6162 |
| Ракометно игралиште<br>(20x46 м)<br>с. Горни Подлог | КО Горни Подлог<br>КП 1998/1 |
| Кошаркарско игралиште<br>(18x30 м)<br>с. Горни Подлог | КО Горни Подлог<br>КП 1998/1 |
| Фудблско игралиште<br>(64x98 м)<br>с. Грдовци | КО Грдовци<br>КП 4217 |
| Игралиште за мал фудбал<br>(15x30 м)<br>с. Прибачево | КО Прибачево<br>КП 1380 |
| Фудблско игралиште<br>(72x102 м)<br>с. Оризари | КО Оризари<br>КП 7225/1 |
| Повеќенаменско игралиште<br>(23 x 35 м)<br>с. Оризари | КО Оризари<br>КП 6965 |
| Ракометно игралиште<br>(20x40 м)<br>СРЦ Бачалук | КО Кочани<br>КП 8382 |
| Кошаркарско игралиште<br>(13x28 м)<br>СРЦ Бавчалук | КО Кочани<br>КП 8382 |
| Кошаркарско игралиште<br>(35x40 м)<br>ОУ Раде Кратовче | КО Кочани<br>КП 9465 |
| Ракометно и кошаркарско игралиште<br>(25x45 м) – АСНОМ<br>на ул. Љупчо Сантов | КО Кочани<br>КП 11589/1 |
| Повеќенаменско игралиште<br>(15x30 м) – У. Чешма<br>на ул. Македонска | КО Кочани<br>КП 10174/1 |

| | |
|---|---|
| Кошаркарско играл.<br>(12x25 м)<br>СРЦ Зорик | КО Кочани<br>КП 16493/1 |
| Тениско игралиште - 1<br>(35x35 м)<br>СРЦ Зорик | КО Кочани<br>КП 16493/1 |
| Тениско игралиште – 2<br>(39x75 м)<br>СРЦ Зорик | КО Кочани<br>КП 16493/1 |
| Базен<br>(25x50 м)<br>СРЦ Зорик | КО Кочани<br>КП 16493/1 |
| Повеќенамен. играл.<br>(25x40 м) клон - 3<br>ДГ Павлина Велјанова | КО Кочани<br>КП 15763 |
| Повеќенам. Играл.<br>(22x34 м) Волог<br>на улуца „ 1 Мај" | КО Кочани<br>КП 15877/1 |
| Ракометно играл.<br>(22x44 м)<br>Колерски гробишта | КО Кочани<br>КП ............ |
| Фитнес зона<br>СРЦ Бавчалук | КО Кочани<br>КП 8382 |

## III. Категорија објекти за спорт

| | |
|---|---|
| Ракометно игралиште<br>(20x40 м)<br>ОУ Малина Попиванова | КО Кочани<br>КП 14087 |
| Кошарк. игралиште<br>(13x27 м)<br>ОУ Малина Попиванова | КО Кочани<br>КП 14087 |
| Ракометно игралиште<br>(26x57 м)<br>СОУ Гошо Викентиев | КО Кочани<br>КП 14796 |
| Ракометно игралиште<br>(20x40 м)<br>ОУ Никола Карев | КО Кочани<br>КП 13687/1 |
| Кошаркарско игралиште<br>(18x38 м)<br>ОУ Никола Карев | КО Кочани<br>КП 13687/1 |
| Ракометно игралиште<br>(22x43 м)<br>СОУ Љупчо Сантов | КО Кочани<br>КП13542/3 |
| Кошаркарско игралиште<br>(17x30 м)<br>СОУ Љупчо Сантов | КО Кочани<br>КП13542/3 |
| Спортска сала<br>(18x32 м)<br>ОУ Св.Кирил и Методиј | КО Кочани<br>КП 13542/2 |
| Спортска сала<br>(10x23 м)<br>СОУ Љупчо Сантов | КО Кочани<br>КП 13542/3 |

| | |
|---|---|
| Спортска сала<br>(32x16 и 20x8,5 м)<br>СОУ Гошо Викентиев | КО Кочани<br>КП 14796 |
| Спортска сала<br>(22x16 м)<br>ОУ Малина Попиванова | КО Кочани<br>КП 14087 |
| Спортска сала<br>(44x22 м)<br>ОУ Никола Карев | КО Кочани<br>КП 13687/1 |
| Спортска сала<br>(44x22 м)<br>ОУ Крсте П. Мисирков | КО Оризари<br>КП 6226/1 |